З А П И С Н И К

Од седницата на советот одржана на 31.08.2023 година, четврток со почеток во 10:00 часот, во советничката сала на општина Желино, во присуство на советници.

21. седница (дваесет и една) ја отвори Претседателот на советот Бујар Бафтјари и го презентираше предлогот на дневен ред соАрхивски бр.08-1239/1 составен од 6 ставки.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 20-та седница на Советот на општина Желино.

2. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за критериумите за определување на подрачја во општина Желино.

3. Усвојување на квартален финансиски извештај за реализација на буџетот на општина Желино за периодот јануари-јуни/2023 година.

4. Предлог - Одлуки за утврдување потреба од проширување на урбанистичко планска документација со цел усогласување на објектите изградени без дозвола.

5. Предлог – Одлуки за давање согласност на годишната Програма за работа на општинските основни училишта, на подрачјето на општина Желино, за учебната 2023/2024 година.

6. Разгледување на барање бр. 08-1232/1 од 23.08.2023 година од Елведин Белули ф.Стремница и Разгледување на барање бр.08-1233/1 од 23.08.2023 година од Башким Сулејмани ф.Желина.

Дискусијата ја отвори претседателот на Советот Бујар Бафтијари, а збор зеде советникот Башким Лимани.

Башким Л: Предлагам дневниот ред да помине со две точки, првата точка Одобрување на записник од 20-та седница на Советот на општина Желино, а втората точка, Предлог – Одлуки за давање согласност на годишната програма за работа на општински основни училишта, на територијата на општина Желино, за учебната 2023/2024 година.

Претседавачот на советот го стави на гласање предлогот на советникот Башким Л., беше изгласан едногласно и утврди дека Дневниот ред се состои од 2 точки.

1. Одобрување на записникот од 20-та, седница на Советот на општина Желино.

Претседавачот на советот ја отвори дискусијата, бидејќи немаше дискусија, првата точка ја стави на гласање, беше изгласана едногласно.

2. Предлог – Одлуки за давање согласност на годишната Програма за работа на општинските основни училишта, на подрачјето на општина Желино, за учебната 2023/2024 година.

Претседавачот на советот ја отвори дискусијата, збор зеде советничката Елмедина Зеќири.

Елмедина З: Имам предупредување до сите училишта да ги коригираат правописните грешки и да составуваат програми на законска основа, а има премногу технички грешки, да се подобрат овие грешки, да не се продолжува од година во година со истите грешки, инаку ние како советот ќе ги врати.

Оваа точка ја стави на гласање претседателот на советот Бујар Бафтијари, беше изгласана едногласно и беше утврдено дека оваа точка поминува.

Бр. 08-1239/2
31.08.2023 година
Желино

Записничар
Албинета Алија

Совет на општина Желино
Претседател
Бујар Бафтијари